РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1024/4
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1024/1 од 11.03.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1024/1 од 11.03.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1024/1 од 11.03.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, по електронски пат. Во пријавата се содржани наводи на сомневања за незаконско работење во ///, на начин така што на службено лице /// му било овозможено од страна на /// да не оди на работа, а да зема плата, без да биде евидентиран негов влез и излез за присуство на работа.

Заради утврдување на состојбите за предметниот случај, ДКСК се обрати до Државниот инспекторат за труд на РСМ од каде побара да спроведе вонреден инспекцски надзор во /// со цел да се испита дали за горе посоченото службено лице била водена уредна евиденција за присуство на работа, две години на назад, дали било отсутно од работа и дали земало плата за време на отсуство од работа;

и до ДКСК да се достави записник од извршениот вонреден инспекциски надзор и информација за преземените мерки од страна на Државниот инспекторат за труд на РСМ, доколку е неопходно преземање инспекциски мерки согласно со утврдената фактичка состојба.

Државниот инспекторат за труд на РСМ постапи по барањето на ДКСК и достави Записник за извршен вонреден инспекциски надзор /// бр. /// од /// година во /// и во истиот е констатирано дека од страна на ///, за претходните две години, уредно била водена евиденција за присуство на работа за полното работно време и за дополнителното работно време, за посоченото службено лице во пријавата. Внесените часови во исплатните листи за посоченото службено лице, за месеците од /// до /// година, кореспондирале со службената евиденција за присуство на работа. Природата на /// била од таква природа, што најчесто не било можно да се предвиди како ќе тече работниот процес. Ова заради дефекти кај најголемиот производител на /// во /// – ///. За излез од кругот на ///, биле приложени писмени одобренија (пропусници), за потребите на работодавачот, а кои биле приложувани при излез кај ///. Овие пропусници ги одобрувало одговорното лице во ///. Утврдувањето на можното кршење на работниот ред и дисциплина е обврска која е на страната на работодавачот, согласно со чл. 81 од Законот за работни односи ("Сл. весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и "Сл. весник на РСМ" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23). Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државниот инспекторат за труд на РСМ констатирал дека предметните наводи се неосновани.

ДКСК, по разгледувањето на горе означениот записник од Државниот инспекторат за труд на РСМ оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што постапката за овој конкретен случај ја запре. Ова е од причина што надлежниот инспекциски орган – Државен инспекторат за труд на РСМ не утврди повреда на прописите од областа на работните односи, при испитувањето на наводите од пријавата за овој предметен случај.

Согласно со горенаведеното, следуваше ДКСК да одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК.